Република
Македонија

# СТРУЧНО УПАТСТВО
## за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства

Скопје, септември 2008

МАПАС
Агенција за супервизија на
капитално финансирано
пензиско осигурување

Врз основа на член 47 став (1) точка ј) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07 и 88/08), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 1 септември 2008 година, утврди

**СТРУЧНО УПАТСТВО**
**за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства**

1. Со Одлуката за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, Одлуката за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и Одлуката за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со доброволни пензиски фондови е утврдено дека пензиското друштво задолжително одржува ликвидни средства во износ не помал од 10% од основачкиот капитал.

2. Основата за пресметка на ликвидните средства од точка 1 на ова упатство се состои од денарски и девизни средства согласно Извадокот од сметките од контниот план на друштвото даден во Прилогот на ова упатство.

3. Пензиското друштво е должно во секое време да го одржува задолжителниот износ на ликвидни средства. Задолжителниот износ на ликвидни средства претставува збир од состојбите на сметките дадени во Извадокот од сметките од контниот план на пензиското друштвото.

4. Пензиското друштво до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, доставува збир од состојбите на сметките од последниот ден од пресметковниот период, дадени во Извадокот од сметките од контниот план на друштвото за првото тромесечие, за првото полугодие и првите девет месеци во рок од 30 дена од последниот ден на пресметковниот период, а за целата годината во рок од 90 дена од последниот ден на деловната година.

5. Стручното упатство за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства се применува од денот на влегување во сила на Одлуките од точка 1 на ова упатство.

Прилог

**Извадок од сметките од контниот план на пензиското друштво**

Пензиското друштво пресметува ликвидни средства кои се опфатени на следните сметки:

| | | |
|---|---|---|
| **10** | **-** | **Парични средства** |
| 100 | - | Жиро сметки |
| 101 | - | Издвоени парични средства и акредитиви |
| 102 | - | Благајна |
| 103 | - | Девизни сметки |
| 104 | - | Девизни акредитиви |
| 105 | - | Девизна благајна |
| **11** | **-** | **Хартии од вредност** |
| 110 | - | Чекови |
| 111 | - | Меници |
| 112 | - | Обврзници |
| 113 | - | Записи |
| 117 | - | Останати хартии од вредност |
| **15** | **-** | **Краткорочни финансиски вложувања** |
| 151 | - | Заеми на поврзани субјекти |
| 152 | - | Вложување во хартии од вредност за тргување |
| 153 | - | Дадени кредити, депозити и кауции |
| 157 | - | Останати краткорочни финансиски вложувања |

Бр. 01-1329/5
1 септември 2008 година
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.